Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019) и член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава на непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК) на 99-та седница, одржана на ден 26.01.2024 година ја донесе следнава

**Одлука**

Постапката по предметот број 12-4007/1 од 22.08.2023 година, оформен по пријава со наводи против декан на Факултетот за информатички и комуникациски технологии при ------- ---------- за злоупотреба на неговата функција, **СЕ ЗАПИРА.**

ДКСК утврди дека, согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за натамошно постапување од причина што во предметниот случај постапил друг орган кој е надлежен да постапува од областа, извршил инспекциски надзор при кој не биле утврдени неправилности во работењето на субјектот на надзор и не се потврдуваат пријавените наводи.

Предметот со број 12-4007/1 од 22.08.2023 година да се затвори и архивира.

Одлуката во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

**Образложение**

Од страна на непознат подносител, на ден 22.08.2023 година, поднесена е пријава заведена под број 12-4007/1 од 22.08.2023 година, по која е оформен предмет со наводи против декан на Факултетот за информатички и комуникациски технологии при ------- ----------, ------- ----------------, за злоупотреба на неговата функција со тоа што му овозможувал на еден професор една година да не доаѓа на работа и да зема плата и други додатоци иако живеел и работел надвор од РСМ, а сето тоа на штета на буџетот на Република Северна Македонија.

Во насока на утврдување на фактичката состојба по оформениот предмет, ДКСК побара информации и податоци со прилог документација за предметниот случај од Факултетот за информатички и комуникациски технологии -------- и од МВР на РСМ. По барањата се доставени одговори и од извршениот увид во целокупната документација со која располага по предметот констатирано е следново:

- МВР доставува податоци за влез и излез од Граничните премини на Република Северна Македонија за лицето --------- --------------, за период 16.01.2023-09.09.2023 година.
- На Факултетот за информатички и комуникациски технологии --------- сите отсуства на вработените биле во согласно со член 160 од Законот за високото образование (Сл. Весник на Р.М. бр.82/18 и Службен весник на РСМ бр. 178/21 ), актите на Универзитетот и Факултетот како и колективните договори.
- По поднесено барање за неплатено отсуство од 01.09.2023 година, на лицето ------------------------, професор на ------- ---------------, од страна на Наставно научниот совет на Факултетот за информатички и комуникациски технологии -------- била донесена Одлука за одобрување од 12.09.2023 година, со која му се одобрило отсуство од работа од 01.10.2023 до 01.10.2025 година. Кон прегледот од евиденција на вработени со пресметки за плати, доставен по име и презиме и плата за сите вработени на наведениот Факултет, за бараниот период за кој се вршела исплатата на плата (2022 и 2023 година) доставени се и рекапитулација за месец јануари –декември 2022 и јануари - август 2023, во кои е евидентираное и лицето ---------------------, како вработен за кој се вршела пресметка на плата. Исто така доставени се обрасци – Исплата на плата за истиот период на име на истото лице. Ова значи дека на лицето ---------------- му се пресметувала и му се исплатувала плата во период јануари - декември 2022 година и во јануари - август 2023 година, а во време на неплатено отсуство од 01.09.2023 година нема пресметки и исплати на плата за истото лице.

По барањето на ДКСК за достава на дополнителна документација, Факултетот за информатички и комуникациски технологии --------- има доставено известување и документација во хартиена форма и на УСБ и тоа:

- Известување од --------------------------- за службено патување бр. ----------- од 13.09.2023 година и издадено Решение по однос на истото согласно Правилникот за службени патувања на Факултетот и Правилникот за образование и стручно усовршување на вработените на Универзитетот „Св. Климент Охридски"- Битола донесен од Универзитетскиот сенат на Универзитетот „Св. Климент Охридски"- Битола, на 180-та седница одржана на ден 29.04.2020 година.

- Копија од Правилникот за службени патувања на Факултетот за ИКТ Битола и Копија од Правилникот за образование и стручно усовршување на вработените на Универзитетот „Св. Климент Охридски"- Битола донесен од Универзитетскиот сенат на Универзитетот „Св. Климент Охридски"- Битола, на 180-та седница одржана на ден 29.04.2020 година.

- Копија од Одлуката за неплатено отсуство во времетраење до 2 години согласно Законот за високото образование (Сл. Весник на Р.М. бр.82/18 и Службен весник на РСМ бр. 178/21)

- УСБ со Ф 1 образец во електронска форма за бројот на вработените на ФИКТ со име презиме и плата за периодот 2022 - септември 2023 година.

- За предметниот случај постапил Државен просветен инспекторат кој како надлежен орган извршил вонреден инспекциски надзор на 21.09.2023 година со предмет на надзор неодржување на настава со физичко присуство од ----------------------------------- во текот на академската година, а при надзорот_од страна на просветниот инспектор не биле утврдени неправилности во работењето на субјектот на надзор Факултетот за информатички и комуникациски технологии ----------.

Од сето погоре констатирано, ДКСК утврди дека во предметниот случај е постапено од страна на друг орган кој е надлежен да постапува од областа, кој извршил инспекциски надзор при кој не биле утврдени неправилности во работењето на субјектот на надзор и не се потврдуваат пријавените наводи.

Имајќи го предвид наведеното, ДКСК оцени дека нема елементи за натамошно постапување по предметот и одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Изработил: Ј.Ц.
Одобрил: Б.И

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател**
**Билјана Ивановска**

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk